**Искра Тасевска Хаџи-Бошкова**

# ПО ТРАГИТЕ НА ДРЕВНИТЕ ЦИВИЛИЗАЦИИ

МАКЕДОНИКА
литера
www.makedonikalitera.mk
E -mail: makedonikalitera@yahoo.com
makedonikalitera@gmail.com

**Искра Тасевска Хаџи-Бошкова**
***По трагите на древните цивилизации***

© Искра Тасевска Хаџи-Бошкова, автор, 2020
Сите права се заштитени. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени и во електронски медиуми или за друг вид јавна употреба или изведба без согласност на издавачот.

# МЕСОПОТАМСКАТА ЦИВИЛИЗАЦИЈА

## 1. Општите белези на цивилизациите во Месопотамија

Зборувајќи за најстарите култури и цивилизации, во науката надвладуваат мислењата за дискретната разлика меѓу културата и цивилизацијата. Културата се дефинира како почетна фаза во развојот на определен регион (односно систем од симболи, кои поседуваат определени признаци, т. е. специфичности, својствени за даден културен регион). Цивилизацијата пак е, на некој начин, сфатена пошироко и е поврзана со повисоките достигнувања во развојот на една култура (првенствено во општествено-практичниот живот). Оттука, утврдено е мислењето дека без унапредување на општествениот живот (од типот на посложено организирање во општествена смисла – појава на градови) или соодветни пронајдоци (употреба на оган, грнчарско тркало, појава на писменоста и сл.), не би можело да се зборува за почеток на определена цивилизација. Терминот „културна традиција" во текстот ќе го употребуваме како синоним на терминот „цивилизација".

**Почетоци и развојни тенденции**. Подрачјето на древната Месопотамија (по текот на реките Тигар и Еуфрат) претставувало конгломерат од различни цивилизации, кои се развивале паралелно, но и последователно. Сумерската цивилизација, како најстара, својата долгогодишна традиција ја должи, пред сè, на народите и на државите кои ја наследиле (Акадците, Вавилонците, Асирците, Хетитите, Персијците и др.). Се смета дека таа се појавила во периодот меѓу V односно IV милениум пр. н. е., иако нејзиниот вистински

подем и развој се случува подоцна (околу III милениум пр. н. е.). Мирча Елијаде смета дека преминот кон развиена цивилизација во овој регион се случил околу 3500 година пр. н. е., со забрзаниот развој на писмото. Од археолошките истражувања на Леонард Вули од првата половина на 20 век, кои тој ги вршел во околината на градот Ур, се утврдила автентичноста на потопот како своевидна историска претпоставка, важна за воспоставување на хронологијата на кралевите, која пак се среќава и во сумерските летописи. Појавата на Сумерците се поврзува, според старозаветните напоменувања, со нивното навлегување во Месопотамија некаде од истокот, иако има претпоставки дека можеби дошле и од југот, преку морето, носејќи ги со себе најголемите достигнувања во тоа време (обработката на металите, писмото, новите начини на наводнување и обработка на земјата). Според археолошките податоци, Сумерците се измешале со неолитските луѓе од овој регион, чии предмети од материјалната култура се разликуваат токму по начинот на обработката, што служи и како временска граница при разликувањето на двете култури (неолитската и сумерската).

Градот, како културна и општествена единица, бил еден од најважните центри, а неговата појава главно се поврзува со плодното земјиште кое се создавало при излевањето на реките Тигар и Еуфрат, како и со посебните односи кои се развивале меѓу неговите жители (но и со соседните градови). Археолошките сведоштва потврдуваат дека веќе во 3000 година пр. н. е., во овој регион немало родовски заедници, а со оглед на главната дејност на населението (земјоделството), во ова време се создале можности за појава на класно уредување, бидејќи вишокот од производи најчесто го искористувале богатите. Од летописите се црпат податоци дека веќе во овој период градовите биле организирани како градови држави (односно градови кралства), што се гледа од текстот кој Крамер го нарекува *Енмеркар и господарот на Арата*, во кој се опишува првиот познат конфликт меѓу градовите држави, што недвосмислено укажува и на посебната организација на градовите од тоа време. Веројатно не е случајно што таа

древна епска поема завршува со потврдувањето на доминацијата на градот Урук (библискиот Ерех) над Арата, односно на моќта на божицата Инана и нејзините предвидувања.

Во поглед на развојот на општествениот живот, сосема е извесно дека суровините за изработка на различни предмети (бакар, сребро, злато, лазурит, кедрово дрво, алабастер и сл.) главно биле увезувани, односно заменувани за сточарски производи и житни култури, како и за одредени занаетчиски производи (оружје, ткаенини, садови од различни метали и сл.). Развојот на градот држава во економски и културен поглед довело до појава на силни класни разлики. На едната страна се наоѓале богатите владејачки слоеви и кралот, кој се сметал за „божји намесник", додека на другата биле селаните и занаетчиите, кои со текот на времето станувале сè позависни, како и робовите, кои работеле кај големите земјопоседници. Општо земено, се сметало дека обработливата земја му припаѓала на богот (кој бил поставен за намесник, бидејќи се сметал за создател на градот), додека кралот свештеник бил нејзин управител и одлучувал за нејзината поделба и за приносите кои таа ги давала. Голем број таблички испишани со клинесто писмо (особено оние од подрачјето на градот Лагаш) сведочат за економското зацврстување на свештениците (се спомнуваат 20 храмови, кои располагале со голем процент од обработливото земјиште). Соодветно на таквата поделба, во законодавниот систем била предвидена можноста децата да бидат продадени во ропство, доколку одреден данок или обврска кон богот, како апсолутен господар на земјата, не била исполнета. На таков начин, се зголемувал и процентот на робовите.

Лагаш, како град кој ги засведочил злоупотребите на силниците, се спомнува и како место во кое се случила првата општествена реформа, која пак се смета дека била реализирана некаде кон половината на третиот милениум. Тој настан е поврзан со владетелот Урукагина, за чие потекло не постојат изворни податоци, освен фактот дека во тоа време тенденцијата била да се избере владетел (išaku) кој не припаѓа на актуелната династија (на Ур-Нанше), па се претпоставува

# СОДРЖИНА

**Предговор**........................................................................... 5

**Месопотамската цивилизација**............................................... 7
Општите белези на цивилизациите во Месопотамија...................... 7
а) Почетоци и развојни тенденции.......................................... 7
б) Сумер, Асирија и Вавилон................................................... 10
в) Светилишта и храмови....................................................... 12
г) Поимање на задгробниот живот.......................................... 13
Клинестото писмо и неговиот развој............................................ 15
Древните митолошки претстави.................................................. 19
Епот за Гилгамеш како загатка пред читателот............................. 24

**Египетската цивилизација**...................................................... 39
Почетоци и развојни тенденции.................................................. 39
а) Развојните етапи на хиероглифското писмо
и на египетскиот јазик........................................................ 40
б) Општествените процеси и промени....................................... 42
в) Египетските религиозни градби........................................... 48
Древните митолошки претстави и египетскиот пантеон................. 58
*Египетската книга на мртвите* како запис за вечниот живот........... 71

**Индиската цивилизација**......................................................... 79
Општите белези на индиската културна традиција.......................... 79
а) Развојните процеси........................................................... 79
б) Хронологија..................................................................... 85
в) Јазици и древни текстови................................................... 93
Ведската книжевност како најстара индиска книжевност................ 99
Епската книжевна традиција......................................................... 108
*Бхагавадгитата* како специфично културолошко сведоштво........... 115

**Хеленската цивилизација**........................................................ 123
Почетоци и развојни тенденции..................................................... 123
а) Крит како цивилизациски центар........................................... 126
б) Развојот и доминацијата на Микена...................................... 133
Космогониските и теогониските претстави кај Хелените................. 139
Епската поезија, истражувањето на Хомер и хомерското прашање...... 143
Хомеровата *Илијада*................................................................... 153
Хомеровата *Одисеја*................................................................... 220

**Поговор – Венко Андоновски „Раскошна научна харфа“**..... 291